Министерството за финансии, постапувајќи по барањето бр.13-3257/1 од 09.04.2019 година и дополнување на барање бр.13-3257/2 од 12.04.2019 година поднесени од Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, врз основа на член 125 став 5 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16 и 178/16), ја издава следната

ДОЗВОЛА
за приредување на наградна игра

1.Барањето поднесено од Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, СЕ УВАЖУВА.

2.На Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје МУ СЕ ДОЗВОЛУВА приредување на наградната игра "Libresse те носи во Рим".

3.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, односно да плати износ од 40.365,00 денари пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

4.Доколку Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје не го плати износот наведен во точката 3 во рок од 3 дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе се одземе.

5.Наградната игра ќе се приредува од 01.05.2019 година до 20.06.2019 година.

6.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје наградната игра да ја спроведува без прекин во текот на временскиот период наведен во точката 5.

7.Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Северна Македонија.

Образложение

Друштвото за производство, трговија и услуги „АВТ ИНТЕРНАТИОНАЛ" ДОО Скопје, согласно член 125 став 5 од Законот за игрите на среќа и за забавните